**Пекабеско АД**

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИ КОНСОЛИДИРАНИ РЕЗУЛТАТИ

**За период Јануари - Декември 2019 година**

Пекабеско АД за периодот Јануари-Декември 2019 оствари позитивен консолидиран финансиски резултат искажан во неревидираниот единечен Биланс на успех во износ од 110,8 милиони денари и истиот е понизок за 6,8% во споредба со претходната година.
Главна причина е покачување на трошоците за вработени и поскапување на суровината на свинско месо

## Сметководствени политики и методи на вреднување

Во 2019 година нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување на позициите во консолидираните финансиските извештаи на Пекабеско АД.

## Вкупни приходи

Остварените вкупни приходи од работењето во периодот Јануари-Декември 2019 година изнесуваат 5.046,8 милиони денари и во споредба со остварените во истиот период во 2018 година бележат пораст од 5,4%. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество од 98,7%, имаат приходите остварени со продажба на готови производи, стоки и услуги кои во споредба со остварените во 2018 година бележат пораст од 5,3%. Приходите од извоз изнесуваат 655,8 милиони денари и во споредба со остварените во истиот период во 2018 се повисоки за 13,3%

## Вкупни расходи

Остварените вкупни расходи во периодот Јануари-Декември 2019 година изнесуваат 4.938,1 милиони денари и во споредба со остварените во истиот период во 2018 година бележат пораст од 6,4%.

## Инвестиции и отпис на материјални средства

Вкупните инвестиции во основни средства во периодот Јануари-Декември 2019

година изнесуваат 65,3 милиони денари и кумулативно за 7 години од кога е активиран новиот производствен-дистрибутивен погон инвестициите во основни средства достигнаа 538 милиони денари

Во 2019 година не се направени значителни отписи или продажба на материјалните средства

**Обврски по кредити**

Долгорочната задолженост на 31.12.2019 година изнесува 393 милиони денари и во споредба со состојбата од минатата година бележат намалување од 6,5%.

Краткорочната задолженост на 31.12.2019 година изнесува 0,9 милиони денари и во споредба со состојбата од минатата година бележат намалување од 98,8%.

**Нови вработувања**

Пекабеско АД за периодот Јануари-Декември 2019 реализираше 18 нови вработувања во однос на 2018

**Дивиденди**

Пекабеско АД за периодот Јануари-Декември 2019 нема исплатено дивиденда

**План и очекување за нареден период**

Исполнувањето на финанскиот план за 2019 е извршен со 103,1% во делот на приходите од продажба и 86,8% во делот на добивката

За наредниот период компанијата очекува приходите од продажба и добивката да се исполнуваат согласно планираните резултати